ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 02-403/5
03.11.2020 год.
ВЕЛЕС

5

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес на редовна седница одржана на 03.11.2020 година донесе:

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2020 година

Член 1

Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2020 година СЕ ИЗМЕНУВА И ДОПОЛНУВА како следи: **Теренско моторно возило, со проценета вредност во износ од 880.000 без ддв, шифра според ОПЈН 34100000-8, вид на постапка- поедноставена отворена постапка, очекуван почеток на постапката ноември 2020 година.**

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

До Управен одбор е поднесено барање број 03-146/4 од 29.10.2020 година во кое се наведува дека потребата од спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на Теренско моторно возило е поради застареноста на возниот парк на ЈПВ Лисиче-Велес. Постоечкиот возен парк е во многу лоша состојба а некои возила се во целост надвор од употреба. Средствата предвидени за оваа јавна набавка се обезбедуваат со пренамена од веќе предвидените средства од планираната постапката со ред бр. 29 во актуелниот Годишен план за јавни набавки за 2020 година: Изведување на санациони работи за решавање на проблемот со неповолната филтрација на брана Лисиче со проценета вредност 9.000.000 денари и која од објективни околности нема да се спроведе до крајот на 2020 година, па се одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
-архива
-сметководство
-директорот

Претседател на Управен одбор

03.11.2020

Силвана Кржовска

Ј
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
ВЕЛЕС